ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-94/1
16.07.2021 год.
ОХРИД

**До**
**Членовите на Советот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион**

Градоначалникот на Општина Вевчани, г. Сашо Јанкоски
Градоначалникот на Општина Дебар, г. Хекуран Дука
Градоначалникот на Општина Дебрца, г. Зоран Ногачески
Градоначалникот на Општина Кичево, г. Фатмир Дехари
Градоначалникот на Општина Македонски Брод, г. Живко Силјаноски
Градоначалникот на Општина Охрид, г. Константин Георгиевски
Градоначалникот на Општина Пласница, г. Алија Јаоски
Градоначалникот на Општина Струга, г. Рамиз Мерко
Градоначалникот на Општина Центар Жупа, г. Аријан Ибраим

**ПРЕДМЕТ: Покана за 16-та (шеснаесетта) седница на Советот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион**

Почитувани Градоначалници,

Согласно надлежностите на Советот за развој на планскиот регион, пропишани во Законот за рамномерен регионален развој на РС Македонија и делокругот на работа на Советот, Ве покануваме на 16-та (шеснаесетта) седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион.

Седницата ќе се одржи на **22 јули 2021** година (четврток) онлајн, со почеток во **11** часот. Линкот за онлајн седницата дополнително ќе Ви биде испратен по е-маил.

Во прилог Ви доставуваме Дневен ред за седницата и работни материјали во електронска форма.

Ве молиме за Ваше присуство со оглед на важноста на точките кои се на Дневен ред на расправа.

Однапред Ви благодариме за разбирањето и соработката.

Со почит,

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Претседател

д-р Рамиз Мерко

Струга, 16.07.2021 год

ул. Владо Малески-Тале бр.1/5, Пф 27, 6330 Струга
Тел +389 46 701 005 Факс: 046 701 055
E-mail: CRJ@southwestregion.mk
www.southwestregion.mk

Врз основа на член 22, 23 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој на РС Македонија (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.01.2021 година), и врз основа на член 2, 5 и 6 од Деловникот за работа на Советот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, ја свикувам 16-та (шеснаесетта) седница на Советот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записникот од претходната седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион

1. Одлука за распишување оглас за избор на Директор на Центарот за развој на Југозападен плански регион
2. Разгледување и усвојување на Деловникот за работа на Советот за развој на Југозападен плански регион
3. Предлог-одлука и Одлука за преотстапување на работи – Реконструкција на ПВЦ прозорци и врати во ООУ „Св. Климент Охридски" – Општина Охрид
4. Предлог-одлука и Одлука за преотстапување на работи на локална улица во н.м. Арбиново – Општина Дебрца
5. Предлог-одлука и Одлука за преотстапување на стоки – аерометар за мерење на квалитетот на амбиенталниот воздух во н.м. Осломеј- Општина Кичево
6. Предлог-одлука и Одлука за преотстапување на стоки - мобилни апарати за испитување на квалитетот на земјиштето – 1 уред во Општина Струга- подрачна единица на МЗШВ, 1 уред во Општина Охрид- подрачна единица на МЗШВ, 1 уред во Општина Кичево- подрачна единица на МЗШВ, 1 уред во Општина Дебар- подрачна единица на МЗШВ, 1 уред во Општина Македонски Брод- подрачна единица на МЗШВ.
7. Предлог-одлука и Одлука за преотстапување на стоки - балирка и преса, 1 уред во Општина Охрид- Јавно комунално претпријатие „Охридски Комуналец", 1 уред во Општина Струга- Јавно комунално претпријатие „Комунално".
8. Предлог-одлука и Одлука за преотстапување на стоки – детектори за губитоци на вода, 1 уред во Општина Струга-Јавно комунално претпријатие „Водовод и канализација", 2 уреди во Општина Кичево- Јавно комунално претпријатие „Комуналец", 1 уред во Општина Пласница-Јавно комунално претпријатие, 1 уред во Општина Дебрца-Јавно комунално претпријатие, 1 уред во Општина Дебар-Јавно комунално претпријатие „Стандард".
9. Разно

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Претседател,

Д-р Рамис Мерко

Струга, 16.07.2021 год.